Градоначалникот на општина Кратово на ден 19.03.2019 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување на завршните (годишните) сметки и финансиските извештаи на ОУ "Музеј на град Кратово" од Кратово за 2018 година**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на завршните (годишните) сметки и финансиските извештаи на ОУ "Музеј на град Кратово" од Кратово за 2018 година бр.09-528/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 14.03.2019 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

08 - 560/1 — **Градоначалник**
19.03.2019 г. — **на Општина Кратово**
Кратово — Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 14.03.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на завршните (годишните) сметки и финансиските извештаи на ОУ "Музеј на град Кратово" од Кратово за 2018 година**

**Член 1**

Со Одлуката Советот на општина Кратово ги усвојува завршните (годишните) сметки и финансиските извештаи на Општинската установа "Музеј на град Кратово" од Кратово за 2018 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

09 - 528/1 — **Претседател**
14.03.2019 г. — **на Советот на општина Кратово**
Кратово — Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 36 став (1) точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06),

Градоначалникот на општина Кратово на ден 19.03.2019 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување на Годишен извештај за работа на ЈОУ Дом на културата "Лазар Софијанов"- -Кратово за 2018 година**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Годишен извештај за работа на ЈОУ Дом на културата "Лазар Софијанов"-Кратово за 2018 година бр.09-529/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 14.03.2019 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

08 - 561/1 — **Градоначалник**
19.03.2019 г. — **на Општина Кратово**
Кратово — Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 14.03.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Годишен извештај за работа на ЈОУ Дом на културата "Лазар Софијанов" - Кратово за 2018 година**

**I.** Со одлуката Советот на Општина Кратово го усвојува Годишниот извештај за работа на Јавната општинска установа Дом на културата "Лазар Софијанов" - Кратово за 2018 година.

**II.** Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на општина Кратово".

09 - 529/1 — **Претседател**
14.03.2019 г. — **на Советот на општина Кратово**
Кратово — Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 5, член 36 став (1) точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно член 15 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06),

Градоначалникот на општина Кратово на ден 19.03.2019 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за дополнување на Годишната Програма за изработка на урбанистички планови урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација на Општина Кратово за 2019 година**

**1.Се објавува: Одлука за дополнување на Годишната Програма за изработка на урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација на Општина Кратово за 2019 година бр.09-530/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 14.03.2019 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

08 - 562/1 — **Градоначалник**
19.03.2019 г. — **на Општина Кратово**
Кратово — Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Советот на општина Кратово на седницата одржана на ден 14.03.2019 донесе:

**О Д Л У К А**
**за дополнување на годишната програма за изработка на урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација на Општина Кратово за 2019 година**

**Член 1**

Во Годишната програма за изработка на урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација на Општина Кратово за 2019 година бр.09-1942/2 од 18.12.2018 година се врши дополнување во делот на насловот **Д.Изработка на Локална урбанистичка планска документација (ЛУПД)** со

**Точка 1.**

Изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална инфраструктура, фотоволтаична централа со капацитет до 1MW на к.п. бр.1038 и дел од к.п.1037 во м.в. "Кравилјов чукар влашке ниве", КО Коњух, Општина Кратово.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

09 - 530/1 — **Претседател**
14.03.2019 г. — **на Советот на општина Кратово**
Кратово — Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 22 став (1) точка 1 и член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), а

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06),

Градоначалникот на општина Кратово на ден 19.03.2019 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за отпочнување на постапка за ажурирање на Процената на загрозеноста на подрачјето на Општина Кратово од сите ризици и опасности за 2019 година**

**1.Се објавува: Одлука за отпочнување на постапка за ажурирање на Процената на загрозеноста на подрачјето на Општина Кратово од сите ризици и опасности за 2019 година бр.09-531/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 14.03.2019 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

08 - 563/1
19.03.2019 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 14 став (1) од Уредбата за методологијата за изработка на Процената на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определување на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената ("Службен весник на РМ" бр.13/2011), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 14.03.2019 година, донесе

## О Д Л У К А

**за отпочнување на постапка за ажурирање на Процената на загрозеноста на подрачјето на Општина Кратово од сите ризици и опасности за 2019 година**

**Член 1**

Со Одлуката се отпочнува постапка за редовно ажурирање на Процената на загрозеноста на подрачјето на Општина Кратово од сите ризици и опасности за 2019 година. Процената на загрозеноста е усвоена со Одлука за усвојување на Процена на загрозеноста на подрачјето на Општина Кратово од сите ризици и опасности бр.07-1645/1 од 28.11.2014 година.

Постапката за ажурирање ќе ја спроведува Центарот за управување со кризи Подрачно одделение Регионален центар за управување со кризи Кратово.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

09 - 531/1
14.03.2019 г.
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06),

Градоначалникот на општина Кратово на ден 19.03.2019 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување на Програма за контрола на популацијата на бездомните животни на подрачјето на Општина Кратово**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Програма за контрола на популацијата на бездомните животни на подрачјето на Општина Кратово бр.09-532/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 14.03.2019 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

08 - 564/1
19.03.2019 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

на РМ" бр.149/14, 149/15 и 53/16) Советот на Општина Кратово на седницата одржана на 14.03.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Програма за контрола на популацијата на бездомните животни на подрачјето на Општина Кратово**

**Член 1**

Со Одлуката Советот на Општина Кратово усвојува Програма за контрола на популацијата на бездомните животни на подрачјето на Општина Кратово.

Програмата е во прилог и е составен дел на оваа одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен Гласник на Општина Кратово".

09 - 532/1
14.03.2019 г.
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5./02), како и врз основа на член 28 став 3 од Законот за заштита и благосостојба на животните ("Службен весник

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5./02), како и врз основа на член 28 став 3 од Законот за заштита и благосостојба на животните ("Службен

весник на РМ" бр.149/14, 149/15 и 53/16 Советот на Општина Кратово на седницата одржана на 14.03.2019 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**за контрола на популацијата на бездомните животни на подрачјето на Општина Кратово**

**1.Вовед**

Програмата за решавање на проблемот со бездомните животни - третман на бездомните кучиња, како и нерегистрираните и регистрираните кучиња затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот е во согласност со членовите 26, 27, 28 и член 29 од Законот за заштита и благосостојба на животните ("Службен веснук на РМ " бр.149/14, 149/15 и 53/16) и обврските на општините кои произлегуваат од истиот закон.

Со оваа Програма се утврдуваат активностите за третирање на бездомните животни односно нерегистрираните и регистрираните кучиња затекнати на јавните површини без присуство на сопственикот, условите организацијата и обемот на извршувањето и начинот на финансирање.

За решавање на проблемот со зголеменото присуство на бездомните животни, односно контрола на нивниот број како единствено ефикасен и одржлив пропишан согласно Законот за заштита и благосостојба на животните е хуманиот начин на третирање на овие животни, односно нивна масовна стерилизација, вакцинација и повторно враќање на територијата од која се заловени. По стерилизацијата/кастрацијата и вакцинацијата животните се враќаат на територијата од која што биле заловени обележани со ушна маркичка и вграден микрочип.

Поради порастот на оваа популација за најбрз загарантиран ефект препорачливо е кучињата да се стерилизираат за да не постои можност за зголемување на нивната популација.

**2.Основни цели на програмата**

Основна или главна цел на програмата е контрола на популацијата на бездомните кучиња во Општина Кратово, ефикасно, одговорно, хумано и трајно надминување на проблемот со што ќе се гарантира здравствената заштита и јавната безбедност на населението и да се спречи присуството на нови кучиња на јавните површини.

**3.Активности**

Под активности за хумано третирање на бездомните животни на подрачјето на општината се подразбира:

- заловување на животните;
- нивен транспорт до прифатилиштето;
- прием и преглед од овластен ветеринар;
- лабораториско испитување на животните на одредени болести;
- идентификација и водење на евиденција;
- стерилизација;
- постоперативно сместување, лекување и нега;
- вакцинација и дехелментација;
- веб сервис за објавување на заловените животни и поттикнување на вдомувањето;
- повторно враќање на животните на локацијата од каде биле заловени;
- еутаназија на многу болни и агресивни животни.

**Заловување и транспорт**

Заловувањето на бездомните кучиња се врши од страна на квалификувани лица на начин кој нема да предизвика непотребна болка или страдање. Квалитетот на заловувањето, однесувањето на лицата ангажирани за заловување на животните кон јавноста и особено кон заловените животни може да даде позитивна слика на целата активност, а во спротивно може да се трауматизираат животните и да предизвика многу несакани реакции кај лицата присатни при наведената активност. Работниците ангажирани за заловување на животните треба да располагаат со соодветна опрема: соодветно возило, јамки и мрежи за заловување, пушка за привремено успивање со средства за времена парализа-успивање, кафези за транспорт, околувратници и водилки и соодветни средства и опрема за

евиденција и идентификација на заловените животни.

**Прифатилиште и медицински третман**

Секое заловено животно се сместува во прифатилиште заради медицинско третирање: преглед од овластен ветеринар, лабораториско испитување, по потреба прочистување од внатрешни и надворешни паразити, хируршки зафат-стерилизација/кастрација, вакцинација и дехелментизација за на крај животното се обележи со ушна маркичка и микро чип. Прифатилиштето треба да ги исполнува условите пропишани во Правилникот за техничките услови во прифатилиштето и треба да биде одобрено од Агенцијата за храна и ветеринарство.

**Посвојување и вдомување**

Посвојувањето и вдомувањето е најхуманиот начин за згрижување на напуштените кучиња и мачки. Сите животно кои се вдомуваат мора да бидат вакцинирани, стерилизирани и да имаат микрочип.

Со цел да се олесни и промовира вдомувањето на бездомните животни прифатилиштата треба да соработуваат со здруженија за заштита на животните и со заинтересираните граѓани. За таа цел потребно е фотографирање на сите животни и објавување на наменски веб портали со цел да биде олеснет и поттикнат процесот за вдомување на миленик.

**Еутаназија**

Еутаназијата може да се спроведе само и исклучиво како крајна мерка кај болно животно или тешко повредено-во терминален стадиум на болест или повреда кога состојбата е неизлечива и е невозможно да се елиминира болката кај животното.

**4.Извршител**

Извршител на програмата е регистрирано правно лице - Овластена ветеринарна амбуланта, болница или клиника која поседува одобрение од Агенцијата за храна и ветеринарство за прифатилиште.

Извршителот на програмата ќе биде избран во постапка за избор на најдобар понудувач по спроведена електронска аукција во постапка за јавна набавка.

Извршителот е должен да попстапува согласно прописите од Законот за заштита и благосостојба на животните, како и правилата и стандардите за овој вид на работи. По утврденото присуство на животните во определени делови од улиците во градот ќе се повика извршителот да интервенира.

**5.Финансирање на наведените активности**

Трошоците за заловување и третман на бездомните кучиња се на товар на општината, а на заловените регистрирани и нерегистрирани кучиња на товар на сопствениците согласно членот 28 став 5 од Законот за заштита и благосостојба на животните.

Финансирањето на програмата ќе се врши од средствата предвидени во буџетот на Општина Кратово за тековната година во Програмата Ј8-Други комунални услуги, Конто 425510-Ветеринарни услуги. Наплатата за извршената активност ќе се врши по заловено и третирано животно по цена постигната на електронска аукција утврдена во Договор за вршење на наведената активност склучен помеѓу Општина Кратово и давателот на услугата.

При секоја дневна активност на заловување на животните записнички се утврдува бројот на заловените животни.

**6.Надзор**

Надзор на извршувањето на Програмата врши Агенцијата за храна и ветеринарство. Инспекциски надзор Комунален инспектор на Општина Кратово.

**7.Едукација и информирање**

Истовремено со заловувањето на животните присутни на јавните површини потребна е едукација на граѓаните. Главна цел на истата треба да се однесува на концептот на одговорно сопственишство што

подразбира одговорност кон животните, односно нивно чување и ненапуштање од сопствениците. Заради тоа оваа материја треба законски да се доуреди, односно да се обврзат сопствениците да ги евидентираат постоечките и новородените животни како и да се забрани нивното напуштање и присуство на јавните површини.

Програмата ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Кратово".

09 - 532/2 **Претседател**
14.03.2019 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 19.03.2019 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за објавување на Заклучок за усвојување на Информацијата за безбедносна состојба и преземени мерки од страна на Полициска станица од општа надлежност Кратово во текот на вторите шест месеци од 2018 година**

**1.**Се објавува: **Заклучок за усвојување на Информацијата за безбедносна состојба и преземени мерки од страна на Полициска станица од општа надлежност Кратово во текот на вторите шест месеци од 2018 година бр.09-533/1,** донесен од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 14.03.2019 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

08 - 565/1 **Градоначалник**
19.03.2019 г. **на Општина Кратово**
Кратово Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 36, став (1), точка 13 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 15 и 20 од Статутот од Статутот на општина Кратово, Советот на општина Кратово на седницата одржана на 14.03.2019 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за усвојување на Информацијата за безбедносна состојба и преземени мерки од страна на Полициска станица од општа надлежност Кратово во текот на вторите шест месеци од 2018 година**

**I.** Со Заклучокот Советот на општина Кратово ја усвојува Информацијата за безбедносната состојба и преземените мерки од страна на Полициската станица од општа надлежност Кратово во текот на првите шест месеци од 2018 година.

**II.** Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

09 - 533/1 **Претседател**
14.03.2019 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06),

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 19.03.2019 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Кратово**

**1.Се објавува: Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Кратово бр.09-534/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 14.03.2019 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

08 - 566/1<br>19.03.2019 г.<br>Кратово

**Градоначалник**<br>**на Општина Кратово**<br>Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 23 став 3 од Законот за угостителската дејност ("Службен весник на РМ" бр.62/2004, 89/2008, 115/2010, 53/2011, 141/2012, 164/2013, 187/2013, 166/2014, 199/2014, 129/2015 и 192/2015), член 36 став (1) точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 14.03.2019 година, донесе

## О Д Л У К А

**за продолжување на работното време на угостителските објекти во општина Кратово**

**Член 1**

Со Одлуката Советот на општина Кратово согласно член 23 став 3 од Законот за угостителска дејност ("Службен весник на РМ" бр.62/2004, 89/2008, 115/2010, 53/2011, 141/2012, 164/2013, 187/2013, 166/2014, 199/2014, 129/2015 и 192/2015), член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа "Службен весник на РМ" бр.5/2002) по повод Празникот Тодорова сабота го продолжува работното време на угостителските објекти во општина Кратово за 2 (два) часа на ден 16 Март 2019 година, поточно ноќта помеѓу 16 Март (Сабота) и 17 Март (Недела) угостителските објекти ќе можат да работат до 03 часот.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

09 - 534/1<br>14.03.2019 г.<br>Кратово

**Претседател**<br>**на Советот на општина Кратово**<br>Ранко Арсов, с.р.

Градоначалникот на општина Кратово на ден 19.03.2019 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за објавување на Заклучок за давање на налог за чистење на локалниот патен правец "Лисец"-село Каврак**

**1.Се објавува: Заклучок за давање на налог за чистење на локалниот патен правец "Лисец"-село Каврак бр.09-535/1,** донесен од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 14.03.2019 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

08 - 567/1
19.03.2019 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 14.03.2019 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за давање на Налог за чистење на локалниот патен правец "Лисец"-село Каврак**

**Член 1**

Со Заклучокот Советот на општина Кратово заклучува дека е потребно под итно Градоначалникот на Општина Кратово да даде Налог до овластената фирма зи чистење на снег да испрати потребна механизација и да се расчисти патниот правец од м.в"Лисец" до селото Каврак за да се решат големите проблемите кои ги има месното население.

**Член 2**

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

09 - 535/1
14.03.2019 г.
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Ранко Арсов, с.р.